**Барање 23-4654/1**

Информации поврзани со објавата на Соопштението за организирање на Јавен увид за урбанистички проект вон опфат на УП со намена Е.1.13-Површински соларни и фотоволтаични елекрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1618,КП 1619/2 и КП 1616, КО Марена ,Општина Кавадарци.

**Одговор 23-4654/2**

Општина Кавадарци има отпочнато постапка за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е.1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на КП 1618, КП 1619/2 и КП 1616 КО Марена, Општина Кавадарци.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20) Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе одлука за неспроведување на стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето, во која се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето на оценката, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина.

Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена и формулар за стратегиска оцена се доставени до надлежен орган,Министерство за животна средина и просторно планирање, од каде е добиено Известување за прифаќање на Одлука за неспродување на Стратегиска оцена **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е.1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани(фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)на КП 1618, КП 1619/2 и КП 1616 КО Марена, Општина Кавадарци.**

Овие докумнти, Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина, заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на Стратегиска оцена како и Известување за прифаќање од Министерството за животна средина и просторно планирање се објавени на веб страната на Општина Кавадарци,во делот на АКТУЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ/УРБАНИЗАМ И КОМ.ДЕЈНОСТИ/ЈАВНИ РАСПРАВИ И СООПШТЕНИЈА/ОДЛУКА за неспроведување СЕА за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е.1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани(фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)на КП 1618, КП 1619/2 и КП 1616 КО Марена, Општина Кавадарци** и линкот е следниот https://kavadarci.gov.mk/javni-raspravi/

Постапката за објавеното соопштение се однесува согласно член 62,став 10 од Законот за урбанистичко планирање(Службен Весник на Република Македонија бр.32/20).

Надлежниот орган од ставовите(7) и (8) на овој член, го одобрува урбанистичкиот проект во рок од 15 работни дена од доставувањето на барањето, по добиено позитивно мислење од комисијата за убанизам од членот 38 од овој закон, со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

По исклучок, урбанистичкиот проект од членот 58 став (6) од овој закон, пред  да го одобри надлежниот орган го става на увид на јавноста со неговото објавување на службената веб страна во траење од 15 дена, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна  и му се испраќа на изработувачот на урбанистичкиот проект за да ги вгради  во планско-проектната документација.